ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 04-1536/7
Датум: 19.12.2022

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21) и член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Извештај број 04-1536/6 од 16.12.2022 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Раководител на ревизијата за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1536/5 од 06.12.2022 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-1536/1 од 25.11.2022 година, Главниот државен ревизор донесе:

# ОДЛУКА

**За избор на кандидат за унапредување на работно Раководител на ревизијата за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството со шифра на работно место РЕВ 01 01 Б03 001**

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место **Раководител на ревизијата за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството со шифра на работно место РЕВ 01 01 Б03 001**, по Интерен оглас заведен под број 04-1536/1 од 25.11.2022 година, се избира кандидатот **Ирена Трајковска**.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2022 година на Државниот завод за ревизија и претходно добиено Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување број 18-1636/2 од 11.02.2022 година, објавен е Интерен оглас за унапредување заверен под 04-1536/1 од 25.11.2022 година, за унапредување на еден кандидат на работно место Раководител на ревизијата за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001 CERTIFIED

планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството со шифра на работно место РЕВ 01 01 Б03 001.

Согласно Извештај број 04-1536/6 од 16.12.2022 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Раководител на ревизијата за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1536/5 од 06.11.2022 година за работното место за кое е објавен интерниот оглас, вработената Ирена Трајковска, кој ги исполнува општите и посебните услови за работното место, и ги дала потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 15.12.2022 година, по што Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор за донесување Одлука за избор на вработената Ирена Трајковска за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија.

**Главен државен ревизор,**

**М-р Максим Ацевски**

Изработил: М-р Весна Богдановиќ
Одобрил: М-р Александар Поповски